**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ

**за состојбата со остварувањето на правото на бесплатен превоз на учениците со телесна инвалидност (кои користат инвалидски колички) по спроведеното истражување во средните училишта на територијата на град Скопје, во учебната 2019/20 година**

**Април 2020**

**Вовед**

Народниот првобранител, преку Одделението за заштита на правата на детето и лица со попреченост, согласно член 2 и член 11-б од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ"бр.60/03,114/09,118/16, 189/16 и 35/18), врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост, и во тој контекст покрај постапување по претставки, врши следење на состојбите со остварување на правата на децата и лицата со попреченост, како и следење на имплементацијата на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост.

Следствено, тргнувајќи од утврденото право на децата со попреченост за користење на бесплатен превоз, а имајќи ги предвид и поплаките на родители чии деца се со телесна инвалидност, и се движат со помош на инвалидска количка, се дојде до сознание дека на територијата на градот Скопје во пракса постојат проблеми при остварувањето на правото на користење на организираниот бесплатен превоз за учениците. Поради тоа, родителите на овие ученици се приморани со сопствени возила да ги транспортираат децата до училиште и назад.

Друг проблем со кој се соочуваат родителите на деца-ученици со телесна инвалидност е неможноста да ги рефундираат финансиските средства. Според известувањето кое Град Скопје (Сектор за образование) го достави до Народниот правобранител во врска со ова прашање, Град Скопје не предвидува рефундирање на средствата, бидејќи не се обезбедува сигурност дека истите би биле искористени за конкретната намена.

Имајќи предвид дека согласно член 41-а од Законот за средно образование[1] *„За ученикот кој е со статус на редовен ученик во јавно средно училиште се организира бесплатен превоз до училиштето, ако ученикот не се смести во ученички дом"*, а поради специфичните потреби на учениците кои користат инвалидски колички и не можат да го користат јавниот превоз, а во

[1] „Службен весник на Република Македонија" бр. (44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015,30/2016,127/2016,67/2017 и 64/2018)

некои случаи ниту организираниот превоз од страна на Град Скопје, Народниот правобранител оцени за потребно да ја согледа состојбата со остварување на правото на бесплатен превоз на учениците со телесна инвалидност, поконкретно правото на користење на бесплатен превоз на учениците кои користат инвалидски колички, а се редовни ученици во средните училишта на територијата на градот Скопје.

Народниот правобранител, за таа цел спроведе истражување на состојбата во сите средни училишта на територијата на градот Скопје, како и во градот Скопје, а податоците од анализата на добиените одговори се презентирани во овој Посебен извештај.

## I. Правна рамка

Согласно **Конвенцијата за правата на лицата со попреченост**, лицата со попреченост имаат право на образование во инклузивен систем на образование на сите нивоа. Притоа, ова право треба да го уживаат без дискриминација врз основа на попреченост, и на еднаква основа со другите да бидат вклучени во бесплатното и задолжителното основно или средното образование.

Според Конвенцијата *„лицата со попреченост треба да имаат пристап до инклузивно, квалитетно и бесплатно основно и средно образование на еднаква основа со другите во заедниците во кои живеат“,*[2] а земјите потписнички на оваа Конвенција се должни да им овозможат пристап на лицата со попреченост на еднаква основа со другите, пристап до „*Објекти, патишта, транспортни и други внатрешни и надворешни средства и капацитети, вклучувајќи и училишта, домови, медицински објекти и работни места*.“[3]

Правото на бесплатен превоз до училиштето е утврдено во **Законот за средно образование** на Р.С.Македонија, при што во чл. 41-а став 4 од овој Закон се наведува дека: „*Ученикот со посебни образовни потреби и лицето*

---

[2] Чл.24 ст.2 - б од Конвенција за права на лица со попреченост

[3] Ibid Чл.9 ст.1 - а

*за негова придружба имаат право на бесплатен превоз без оглед на оддалеченоста на нивното место на живеење до државното средно училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата.“*.

На територијата на градот Скопје, прашањето за организираање на бесплатен превоз на учениците се уредува со годишна Програма за повластено користење на јавниот градски превоз од страна на лица со посебни потреби, како и со годишна Програма за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје, кои програми се усвојуваат на седница на Советот на Град Скопје, на годишно ниво.

Имено, согласно **Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз од страна на лица со посебни потреби,** лицата со посебни потреби имаат можност да користат бесплатен годишен билет, бесплатен годишен билет со придружба, неперсонализиран годишен билет со ограничени парични средства и/или годишен билет со партиципација. Овие билети ги издава Јавното сообраќајно пратпријатие (ЈСП) Скопје и важат за сите возила на сите превозници. Во програмата таксативно се наброени кои се условите за повластено користење на јавниот градски превоз, односно со кој вид на попреченост лицата можат да користат одреден вид на бесплатен билет.

Постапката за стекнување на правото за повластено користење на јавниот градски превоз, согласно Програмата, е уредена на начин што заинтересираното лице со посебни потреби потребно е да поднесе барање до здружението на граѓани во кое членува, пропратено со потребната документација со која се докажува дека се исполнети бараните услови за одреден вид на билет. Откако Здружението ќе оцени дали се исполнети условите, составува конечен список на баратели за кои предлага добивање на легитимации, односно билети, списокот го доставува до ЈСП и Град Скопје, при што градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за стекнување на право на повластено користење на јавниот градски превоз, која Комисија одобрува добивање на билети и ги информира Здруженијата да ги подигне истите и да ги распредели на своите членови.

За лица со посебни потреби, кои имаат потешка инвалидност, а кои не се опфатени со наведената Програма за повластено користење на јавниот градски превоз од страна на лица со посебни потреби, Градот Скопје носи

годишна Програма за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје.

Согласно усвоената **Програма за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје за 2020 година**, како и согласно добиениот одговор на Прашалникот доставен до Град Скопје, Град Скопје веќе 9 (девет) години реализира организиран превоз на лица со потешка телесна инвалидност, на кои заради движење им е потребна инвалидска количка и лица со тешки моторни пречки, со возила кои се во сопственост на Град Скопје, а се дадени на користење на Јавното сообраќајно претпријатие - ЈСП Скопје.

Право на користење на организираниот превоз со посебно адаптирани возила имаат исклучиво лицата со потешка инвалидност кои не се опфатени со Програмата за повластено користење на јавниот градски превоз на подрачјето на градот Скопје.

## II. Цел и методологија на истражување

Истражувањето имаше неколку цели: Да се согледа целокупната состојба со остварувањето на законското право на ученик со посебни образовни потреби на бесплатен превоз до средното училиште во кое учи, односно ја посетува наставата. Во таа насока, да се утврди начинот на кој е обезбедено остварувањето на ова право, односно дали и какви услови се обезбедени за негово остварување, како и дали и на кој начин се решаваат евентуалните проблеми, со посебен фокус на учениците со телесна инвалидност, кои користат инвалидски колички, и кои следат настава во средните училишта на територијата на градот Скопје.

Во истражувањето беше применето анкетирање како техника на истражување, со инструмент на истражување - анкетни прашалници специјално изготвени за потребите на истражувањето. Анкетата се однесува за учебната 2019/2020 година, а анкетирањето беше реализирано во периодот јануари-март 2020 година.

За целите на ова истражување беа употребени два вида на прашалници. Еден тип на Прашалник беше доставен до сите средни училишта на

територијата на градот Скопје, и на истиот одговор доставија сите 28 анкетирани средни училишта, од кои 25 се редовни средни училишта, а 3 се посебни средни училишта за ученици со одреден вид на попреченост (ДУЦОР „Партенија Зографски“ – училиште за ученици со оштетен слух, ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ – училиште за ученици со оштетен вид и ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – училиште за ученици со интелектуална попреченост).




Друг тип на Прашалник беше доставен до Град Скопје кој го организира бесплатниот превоз на сите средношколци, и оттаму исто така, добиен е повратен одговор на прашалникот.

## III. Анализа на добиените податоци

### III.1. Податоци добиени од средните училишта на територијата на градот Скопје

Во продолжение е анализата на одговорите на прашалникот доставен до средните училишта на територијата на градот Скопје (Прилог 1.).

Од одговорите на редовните средни училишта (вкупно 25) во врска со прашањето, *Дали во редовните средни училишта во учебната 2019/20 година учат ученици со попреченост*, произлегува дека во **18** редовни средни

училишта настава следат ученици кои имаат одреден вид на попреченост, додека во **7** училишта нема ученици со попреченост.




Вкупниот број на ученици со попреченост во сите средни училишта на територијата на градот Скопје, во учебната 2019/20 година е **100**, а во трите посебни средни училишта учат вкупно **168** ученици со попреченост.




Анализата на бројот на ученици со попреченост во редовните средни училишта е дадена на следниот Графикон и тоа: од училиштето со најголем број на ученици, кон училишта со помал број на ученици, односно кон училишта во кои воопшто нема ученици со попреченост.




Бројот на ученици со попреченост во посебните средни училишта е даден на следниот Графикон.




Во однос на прашањето *Дали во средните училишта во учебната 2019/20 година учат ученици кои имаат телесна инвалидност*, од одговорите произлегува дека во 6 редовни средни училишта има вкупно 8 ученици со телесна инвалидност, додека во другите редовни училишта нема ученици кои имаат телесна инвалидност.




Во посебните средни училишта, во оваа учебна година, има вкупно **17** ученици со телесна инвалидност, од кои најголемиот број (дури 16) учат во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“, и еден ученик во ДУРДМОВ „Димитар Влахов“. Во ДУЦОР „Партенија Зографски“ нема ученици со телесна инвалидност.

Анализата на одговорите на прашањето *Дали во средните училишта учат ученици кои користат инвалидска количка*, укажува на тоа дека во 4 редовни средни училишта има ученици кои користат инвалидска количка и нивниот број изнесува 4. Додека, во посебните средни училишта (во 2 посебни училишта) учат вкупно 5 ученици кои користат инвалидска количка. Презентацијата на истото, како и податоците за тоа во кои конкретни училишта учат овие ученици е прикажано на следните два Графикона.







Во однос на тоа дали овие ученици се *редовни или вонредни*, добиени се одговори дека **3** од овие ученици се редовни, а **еден** ученик вонредно ја следи наставата.

***Сублимирано, во тековната 2019/20 учебна година во редовните средни училишта на територијата на град Скопје има вкупно 100 ученици со попреченост, од кои 8 ученици се со телесна инвалидност (или тоа е 8% од вкупниот број ученици со попреченост), од кои, пак, 4 користат инвалидска количка (или тоа е 4% од вкупниот број ученици со попреченост, односно 50% од вкупниот број на ученици со телесна инвалидност).***

***Во посебните средни училишта, пак, има вкупно 168 ученици со попреченост, од кои вкупно 17 се ученици со телесна инвалидност (или тоа е 10% од вкупниот број ученици со попреченост), од кои, пак, 5 користат инвалидска количка (или тоа е 3% од вкупниот број ученици со попреченост, односно 29% од вкупниот број на ученици со телесна инвалидност).*** Ова е прикажано на следниот Графикон.




На прашањето, *Кој го организира превозот на учениците со телесна инвалидност кои користат инвалидска количка*, сите четири редовни средни училишта во кои учат овие ученици дале одговор дека учениците користат сопствен превоз, односно родителите на овие ученици се задолжени за нивно носење и земање од училиште. Посебните средни училишта одговориле дека само 2 ученика кои користат инвалидска количка го користат организираниот превоз од Град Скопје, а останатите 3 ученика користат сопствен превоз.

На прашањето, *Дали организираниот превоз од Град Скопје со посебно адаптираните возила ги задоволува потребите на учениците кои користат инвалидска количка,* редовните средни училишта во кои учат овие ученици, одговориле дека организираниот превоз од Град Скопје делумно ги задоволува потребите, односно 2 од училиштата се одлучиле за оваа опција, а другите 2 училишта немаат одговор на ова прашање.

Според добиените одговори на посебните средни училишта во кои учат учениците кои користат инвалидска количка, 2 од училиштата сметаат дека организираниот превоз од Град Скопје ги задоволува потребите на учениците, додека 1 училиште смета дека не ги задоволува нивните потреби. Ова е прикажано на следните Графикони.






На прашањето, *Дали се нотирани проблеми со редовно следење на наставата кај учениците кои користат организиран превоз од Град Скопје со посебно адаптирани возила*, едно од редовните училишта дало одговор на ова прашање дека се нотирани проблеми, едно училиште дало одговор дека не знае за постоење на проблеми, а другите две училишта не го одговориле прашањето, веројатно поради тоа што нивните ученици не го ни користат овој вид на превоз.

Училиштето кое нотирало извесни проблеми истакнува дека проблемите биле забележани во претходен период и при тоа го посочува следново: ***„Проблеми се забележуваат при порано или подоцнежно завршување на наставата, кога доаѓа до несогласување со претходно договорениот термин за земање на ученичката од часови“*.**

Според посебните средни училишта, учениците кои го користат организираниот превоз од Град Скопје немаат проблеми со редовно следење на наставата.

Во однос на прашањето, *Дали до училиштето се доставени одредени поплаки (од родители или ученици кои користат инвалидска количка) во врска со користењето на организираниот превоз од Град Скопје*, три редовни средни училишта одговориле негативно на ова прашање, додека само едно училиште одговорило позитивно, при што во одговорот појаснуваат дека: *„Поплаките се однесуваат на непостоење флексибилност на возниот ред*

*на адаптираното возило при земање на ученичката од училиште“*. Посебните средни училишта се изјасниле дека немаат примено поплаки во врска со организираниот превоз од Град Скопје од страна на родителите или учениците.

Во однос на прашањето *Дали училиштето го известува (информира) Град Скопје за евентуално добиените поплаки*, само едно редовно средно училиште дало одговор кој гласи: *„Училиштето го известува Град Скопје за добиените поплаки“*, а останатите редовни како и посебните средни училишта не дале одговор на ова прашање, со оглед дека до нив не се стигнати поплаки во врска со организираниот превоз од Град Скопје.

***Од одговорите на погоре анализираниот сет прашања, во врска со користењето на превоз (сопствен или организиран), произлегува заклучок дека од вкупно 9 ученици со телесна попреченост кои користат инвалидска количка, а следат настава во редовните или во посебните средни училишта, дури 7 не го користат организраниот превоз до училиште и назад, односно дека само 2 ученици (кои учат во посебните средни училишта) го користат овој превоз.***

***Притоа, стриктниот и нефлексибилен возен ред, односно претходно договорен термин за земање на ученикот од училиште, се истакнува како проблем поради кој родителот/старателот се определува да го носи и земе детето од училиште со сопствен превоз, а на тој начин детето не е принудено да чека за да биде земено од училиште на договорениот термин, во случаи кога порано завршува со настава или пак, ако има потреба да остане подоцна.***

На прашањето, *Дали училиштето соработува со Град Скопје при изработка на Програма или друг вид на акт кој го уредува ова прашање, односно дали се вклучува со одредени сугестии во однос на ова прашање,* одговориле 20 редовни средни училишта, а од нивните одговори (прикажани на следниот Графикон) произлегува дека 9 училишта соработуваат, 3 училишта не соработуваат, 8 немаат информација. Пет училишта воопшто не одговориле на прашањето.




Според одговорите од посебните средни училишта (прикажани на Графиконот подолу) 2 училишта не соработуваат со Град Скопје во однос на ова прашање, а 1 училиште се одлучило за опцијата *не знам*.




***Сумарно, произлегува дека само 9 од вкупно 28 средни училишта (редовни и посебни училишта заедно) соработуваат со Град Скопје во однос на изработка на Програма или друг вид на акт кој го уредува организираниот превоз на ученици кои користат инвалидска количка, односно многу е мал бројот на училишта кои се вклучуваат со одредени сугестии по однос на ова прашање.***

Покрај горенаведеното, беше побарано од училиштата *да дадат предлози со цел остварување на правото на непречено следење на наставата на учениците со телесна инвалидност кои користат инвалидски колички*. Во однос на оваа точка беа добиени мноштво на конкретни и квалитетни предлози од страна на повеќе редовните средни училишта со кои тие сметаат дека би се олеснила и унапредила инклузијата на овие ученици. Одговорите кои ги добивме беа од училиштата во кои веќе учат ученици кои користат инвалидска количка, но и од училишта во кои нема ученици кои користат инвалидска количка. Некои од тие предлози се презентирани во продолжение интегрално, онака како што ги добивме:

*- „За учениците со телесна инвалидност кои користат инвалидски колички неопходно е да има рампа на влезот во секое училиште и да има адаптирани тоалети за овие ученици“;*

*- „Обезбедување на лифтови во средните училишта, обезбедување на нагледни средства за сите ученици, асистивна технологија која би ја олеснила наставата“;*

*- „Да постои поголема флексибилност на возниот ред на адаптираното возило при земање на учениците од училиште“;*

*- „Да постои организиран превоз до училиштата кој ќе одговори на специфичните потреби на учениците со телесен инвалидитет“;*

*- „Обезбедување на безбеден и непречен превоз од домот до училиште. Пристапност и универзалност на секоја образовна инфрастуктура, наставни материјали, помагала и технологија. Заедничка наставна програма за сите врз основа на диференцирана или индивидуализирана настава. Повеќе начини на претставување на информаците и содржините, разликување на начинот на кој учениците го изразуваат она што го знаат, стимулирање интерес и мотивација“;*

*- „Организирање на личен, индивидуален превоз од Град Скопје за секој ученик, наставата да биде организирана на приземје, само во една училница, да има тоалет за тие ученици“;*

*- „Училиштата треба да ги адаптираат условите за учениците со соодветни тоалети, пристапни рампи и др.“.*

Предлог во врска со остварување на правото на непречено следење на наставата на учениците со телесна инвалидност кои користат инвалидски колички добивме само од **едно посебно средно училиште** и истиот гласи: *„**Учениците кои не можат да користат јавен превоз поради телесен инвалидитет добиваат средства за сопствен превоз и родителот (доколку е во можност) го носи своето дете со сопствено возило**“.*

Добиените предлози од страна на редовните средни училишта во врска со начинот на кој би се олеснила и унапредила инклузијата на овие ученици, а кои директно беа релевантни за предметот на истражување, беа во насока на тоа дека Град Скопје треба да организира безбеден и непречен превоз до и од училиштата, а истиот да биде со поголема флексибилност на возниот ред, особено при земање на учениците од училиште. Дополнително училиштата се изјасниле дека училишната инфраструктура треба да биде пристапна за овие ученици, а условите за учење адаптирани на нивните потреби.

### III.2. Податоци добиени од Град Скопје

Според Секторот за јавни дејности, Одделение за социјална и детска здравствена заштита при Град Скопје, вкупниот број на ученици со попреченост кои следат настава во редовните средни училишта во Град Скопје е 65, од кои 15 се ученици со телесна инвалидност, а 4 од нив користат инвалидска количка (двајца се редовни, а двајца вонредни ученици).

Превозот на учениците е организиран преку Град Скопје или, пак, користат сопствен превоз. Организираниот превоз на учениците кои користат инвалидски колички се реализира со еден адаптиран автобус и еден минибус - комби. Возилата се комплетно адаптирани на потребите на корисниците, со можност за влегување со инвалидска количка и други додатоци како рачки и шини за фиксирање. Возилата кои се користат се во одлична возна состојба, редовно сервисирани и регистрирани и за нивно одржување задолжено е Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје.

Трошоците за овој вид превоз ги покрива Град Скопје, и истото е регулирано со Договор помеѓу Град Скопје и Јавното сообраќајно претпријатие

(ЈСП) Скопје. Цената на услугата за вршење на превоз се утврдува по изминат километар посебно за превоз со автобус и превоз со минибус.

Според добиените одговори, адаптираниот автобус е во сопственост на Јавното сообраќајно претпријатие - ЈСП Скопје, а минибусот – комби го има добиено Град Скопје како донација од Министерството за образование и наука. Град Скопје, по добиен предлог за партнерство од страна на Здружението на студенти и младинци со хендикеп, а со Одлука на Советот на Град Скопје, истиот го има дадено на користење на ЈСП Скопје со намена за организиран превоз на ученици и студенти со попреченост.

Ова е пример за партнерство направено помеѓу граѓанска организација (Здружението на студенти и младинци со хендикеп), Локална самоуправа (Град Скопје) и Јавно претпријатие (ЈСП Скопје).

Вкупниот број на ученици и студенти на дневно ниво варира, а во просек **15 ученици дневно** го користат овој превоз.

Здружението на студенти и младинци со хендикеп директно со целната група и возачите прави неделен распоред, но и покрај редовниот распоред на часови се случува некогаш и поради различни причини да се одложи одењето на настава.

Учениците и студентите со попреченост се обраќаат до Здружението на студенти и младинци со хендикеп или во Град Скопје, или до Одделението за социјална, детска и здравствена заштита, каде за да се пријават за користење на овој вид превоз, доставуваат лични податоци, како и податоци за нивната здравствена состојба. Откако ќе се утврди дека пријавеното лице може да биде корисник на организираниот превоз, Здружението на студенти и младинци со хендикеп го воведува во списокот на корисници и понатаму со лицето, односно со неговиот родител/старател остварува контакт со цел постигнување договор за превоз според потребите на лицето. Здружението на студенти и младинци со хендикеп го организира превозот, така што изготвува дневен план за превоз на учениците и студентите, во неколку маршрути. Ова е регулирано со Договор склучен меѓу Град Скопје и ЈСП Скопје, согласно кој Здружението на студенти и младинци со хендикеп доставува редовни извештаи до Град Скопје за текот и реализацијата на превозот.

Прашањето за организиран превоз е уредено со **годишната Програма за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита** во Град Скопје. Програмата секоја година се усвојува на седница на Советот на Град Скопје.

Откако учениците/студентите корисници на овој превоз ќе се пријават во Здружението на студенти и младинци со хендикеп или во Град Скопје, Здружението прави неделен план со возачите за трасата во зависност од тоа кои студенти и ученици пријавиле присуство на настава. **Комбито – минибус врши превоз за учениците и студентите од местото на живеење до образовните институции и обратно низ скопските населби, а автобусот ги зема корисниците од приградските населби и села.**

Согласно добиениот одговор од Град Скопје, расположливите возила речиси целосно ги задоволуваат потребите на учениците за непречено следење на наставата. Посочуваат дека недостига уште едно комби возило кое би се користело наутро, односно во период на денот кога има т.н. шпиц во сообраќајот, пришто се случува сите учениците да се пријавени за настава, а со оглед на тоа дека часовите им започнуваат во исто време, а при тоа учениците учат во различни училишта, се случува да се задоцни и да не се стигне навремено на училиште.

Единствените поплаки во врска со организираниот превоз се поради повремените задоцнувања, што според одговорот добиен од Град Скопје се случува ретко. Овој проблем се надминува на тој начин што претставниците од Здружението на студенти и младинци со хендикеп кои се во постојан контакт со корисниците на превозот, апелираат до корисниците да се придржуваат на даденото време за да не се случуваат застои во превозот.

Градот Скопје има исклучително добра соработка со Здружението на студенти и младинци со хендикеп. Здружението дејствува на терен и досега не се случило да не се излезе во пресрет на барањата на корисниците.

Според проценките од Град Скопје и Здружението на студенти и младинци со хендикеп, единствено што е потребно е вклучување на уште едно комби – минибус кое ќе циркулира во одредени интервали на денот (во утринскиот дел од денот). Во моментов овој проблем се решава така што дополнително се ангажираат посебно адаптираните комби-возила кои се

наменети за превоз на лица со потешка телесна инвалидност кои користат инвалидска количка.

## IV. Заклучоци и препораки

1. Податоците за вкупниот број на ученици со попреченост, како и оние кои имаат телесна попреченост не се совпаѓаат. Имено, постои дискрепанца во однос на бројот на ученици со попреченост, односно бројот на ученици со телесна инвалидност во податоците добиени од средните училишта на територијата на град Скопје и од Град Скопје, што е недозволиво.

2. Од вкупно 9 ученици кои користат инвалидски колички и учат во средните училишта на територијата на град Скопје, само 2 ученици (од посебните средни училишта) го користат организираниот превоз од Град Скопје. Сите останати користат сопствен превоз. И додека редовните средни училишта во кои учат овие ученици сметаат дека организираниот превоз од Град Скопје делумно ги задоволува потребите на учениците, 2 од 3 од посебните средни училишта сметаат поинаку, односно дека организираниот превоз ги задоволува потребите на учениците.

3. Во однос на организираниот превоз од Град Скопје се забележани проблеми при порано или подоцнежно завршување на наставата (во случаи на реализирање часови за дополнителна или додатна настава, или поради некоја друга причина ненајавена однапред) кога доаѓа до несогласување со претходно договорениот термин за земање на учениците од часови, а поплаките од корисниците се однесуваат на непостоење флексибилност на возниот ред.

4. Град Скопје го организира превозот на учениците и студентите кои користат инвалидски колички, во просек на дневна основа за вкупно 15 корисници, со еден автобус и еден минибус-комби, кои се адаптирани на потребите на корисниците. Меѓутоа, наведеното не е доволно и има

потреба од дополнително превозно средство наутро, со цел секој ученик/студент навремено да стигне на училиште/факултет.

5. Од вкупно 21 средно училиште на територијата на град Скопје (18 редовни и 3 посебни училишта) во кои има ученици со попреченост, само 9 редовни средни училишта соработуваат со Град Скопје при изработка на Програма или друг вид на акт кој го уредува ова прашање и се вклучуваат со одредени сугестии во однос на ова прашање. Другите средни училишта не соработуваат или немаат информација во врска со ова прашање.

6. Не се врши рефундирање на финансиските средства кога се користи сопствен превоз, што е проблем со кој се соочуваат родителите на децата со телесна инвалидност. Градот Скопје со одговор дека не врши рефундирање на средствата, затоа што смета дека не се обезбедува сигурност дека истите би биле искористени за конкретната намена.

**Народниот правобранител препорачува:**

1. Да се преземат мерки во насока на **подобрување на соработката помеѓу средните училишта и Градот Скопје, со цел водење точна и правилна евиденција за бројот на ученици со попреченост** генерално, и поконкретно за бројот на ученици со телесна инвалидност.

2. Град Скопје, во соработка со ЈСП, Здружението на студенти и младинци со хендикеп, и со вклучување на учениците, нивните родители/старатели заеднички да ги разгледаат можностите за **поинаков начин на организирање на превозот кој целосно би ги задоволил потребите на сите ученици,** имајќи предвид дека многу малку ученици кои користат инвалидска количка го користат организираниот превоз од Град Скопје.

3. Организираниот превоз од Град Скопје треба **задолжително да има флексибилен возен ред** за да обезбеди безбеден и непречен транспорт на корисниците од домот до училиштето и назад.

4. **Обезбедување на дополнителни специјално прилагодени возила во** согласност со утврдената потреба во пракса, кои ќе циркулираат во одредени интервали во денот, односно во период од денот кога има поголем сообраќаен метеж, со цел сите ученици/студенти кои го користат овој превоз навремено да стигнат на настава.

5. Задолжителна **соработка** на Град Скопје со сите редовни и посебни средни училишта на територијата на град Скопје при изработка на **Програмата или кој било друг вид на акт со кој се уредува прашањето за организирање на бесплатниот јавен превоз**. Во тој контекст да им се даде можност на сите училишта да дадат одредени сугестии во однос на ова прашање, со претходна консултација и сугестии добиени од самите корисници согласно нивните специфични потреби и барања. Училиштата редовно треба да го известуваат, информираат Град Скопје и да ги споделуваат евентуално добиените поплаки и барања на учениците и нивните родители.

6. Град Скопје да овозможи **рефундирање на финансиските средства во случај кога родителите го вршат превозот на учениците** до училиштето, односно кога поради различни објективни причини не е можно користење на организираниот превоз од Град Скопје.

## V. Прилози

### Прилог 1.

### ПРАШАЛНИК за средните училипта на територија на град Скопје

Назив на училиштето ______________________________

Лице кое го пополнило Прашалникот:

Име и презиме ______________________________

Работно место ______________________________

Професија _________________________________

Контакт: тел. _______________ e-mail ____________________

**Потсетување:** При пополнување на Прашалникот да се има во предвид член 1 од Конвенцијата за права на лицата со попреченост согласно кој *лица со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите*.

1. Наведете го вкупниот бројот на ученици со попреченост, кои следат настава во Вашето училиште?

   (Напомена: наведете го бројот на учениците чија попреченост е потврдена со наод и мислење од стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста или со функционален профил добиен од Комисијата за Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје – МКФ)

   __________________________________________________________

2. Колку од наведениот број на ученици со попреченост се ученици со телесна инвалидност?

   __________________________________________________________

3. Колку од наведениот број на ученици со телесна инвалидност користат инвалидска количка?

   ____________________________________________________

   а) Колку од овие ученици се редовни ученици _____________

   б) Колку од овие ученици се вонредни ученици _____________

4. Кој го организира превозот на учениците со телесна инвалидност кои користат инвалидска количка?

   (заокружете еден од понудените одговори)

   а) Немаме конкретни сознанија

   б) Училиштето

   в) Град Скопје

   г) Министерство за образование и наука

   д) Родителите на овие ученици (сопствен превоз)

   ѓ) Друго (наведете)_______________________________________________

5. Дали училиштето има сознанија за бројот на ученици кои користат инвалидска количка, а го користат организираниот превоз од Град Скопје?

   а) да (наведете го вкупниот број на ученици) ______________________

   б) не

6. Дали според Вас организираниот превоз од Град Скопје со посебно адаптирани возила ги задоволува потребите на учениците кои користат инвалидска количка?

   а) да

   б) делумно

   в) не

7. Дали се нотирани проблеми со редовно следење на наставата кај учениците кои го користат организираниот превоз од Град Скопје со посебно адаптирани возила?

   а) **да** (доколку да, одберете какви)

      а 1) задоцнување на настава

      а 2) неможност за следење на наставата до крајот на денот

а 3) спреченост за следење на настава во одредени денови, или периоди (пр. втора смена)

б) **делумно**

в) **не**

г) **немаме конкретни сознанија**

8. Дали до Вашето училиште се доставени одредени поплаки (од родители или од самите ученици со телесна инвалидност кои користат инвалидски колички) во врска со користењето на организираниот превоз од Град Скопје?

а) да (доколку да, наведете какви и колку)_________________________

_________________________________________________________

б) не

в) немаме конкретни сознанија

9. Дали Вашето училиште го известува (информира) Град Скопје во врска со евентуално добиените поплаки?

а) да

б) не

в) немаме конкретни сознанија

10. Дали Вашето училиште соработува со Градот Скопје при изработка на Програма или друг вид на акт кој го уредува ова прашање, односно дали се вклучува со одредени сугестии во однос на ова прашање?

а) да

б) не

в) немаме конкретни сознанија

11. Наведете некои Ваши предлози со цел остварување на правото на непречено следење на наставата на учениците со телесна инвалидност кои користат инвалидски колички.

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

**Прилог 2.**

## ПРАШАЛНИК ЗА ГРАД СКОПЈЕ

**Потсетување:** при пополнување на Прашалникот да се има во предвид член 1 од Конвенцијата за права на лицата со попреченост, согласно кој, *лица со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите*.

1. Дали Град Скопје има евиденција за вкупниот број на ученици со попреченост кои следат настава во средните училишта во Град Скопје, во учебната 2019/2020 година? (заокружете)

   Да    Не

1.1. (доколку одговорот е ДА, наведете го бројот на учениците чија попреченост е потврдена со Наод и мислење од стручен орган за оцена на видот и степенот на попреченоста или со функционален профил добиен од Комисијата за Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје – МКФ)__________________

2. Колку од вкупниот број на ученици со попреченост се ученици со телесна инвалидност?______________________________________

3. Колку од учениците со телесна инвалидност користат инвалидска количка?__________________________________________

4. На кој начин е организиран превозот на учениците кои користат инвалидски колички, од нивните домови до средните училишта и назад? (заокружете и дополнете)

   а) Сопствен превоз
   б) Јавен превоз (автобус)
   в) Организиран превоз од Град Скопје
   г) Друго(објаснете)____________________________________________

   _________________________________________________________________

5. Доколку превозот на учениците кои користат инвалидски колички е организиран од Град Скопје, одговорете на следните прашања:

   - Со колку возила се реализира превозот на овие ученици
     _________________________________

- дали возилото/возилата е/се адаптирани на потребите на учениците со инвалидски колички____________________
- во каква состојба е/се возилото/возилата и кој се грижи за нивното одржување

  ______________________________________________
  ______________________________________________
  ______________________________________________

- кој ги покрива трошоците за овој тип на превоз______________________________________________

- во чија сопственост се возилата и на кој начин е уредено прашањето на користење на истите?

  ______________________________________________
  ______________________________________________
  ______________________________________________

6. Наведете колку вкупно ученици кои користат инвалидска количка **дневно** го користат организираниот превоз со адаптираните возила?__________

7. Како се остварува правото на користење организиран превоз и со кој акт со кој е уредена постапката. (Доставете примерок од актот)

   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________

8. Дали Градот Скопје има донесено Програма која го уредува прашањето за организиран превоз на учениците со инвалидските колички од средните училишта на територија на Град Скопје за учебната 2019/2020 година?
   (заокружете)

   Да Не

   (Доколку одговорот е ДА, доставете примерок од Програмата)

9. На кој начин се добива услугата организиран превоз за учениците, Ве молиме да го објасните текот на постапката ?

   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________
   ____________________________________________________________

10. Дали со расположливите возила наменети за превоз на ученици со инвалидски колички целосно се задоволуваат нивните потреби за непречено следење на наставата во средните училишта?
(заокружете и дополнете)

Да Не

Појаснување:
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

11. Има ли поплаки од родители/ученици за несоодветноста или за неможноста да се користи организираниот превоз?
(заокружете и дополнете)

Да (доколку да, наведете кои се најчестите поплаки)
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

Не

12. Што презема Град Скопје во случај кога не може да излезе во пресрет на барањата за организиран превоз на сите ученици кои користат инвалидски колички?
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

13. Наведете некои Ваши предлози за подобрување на состојбата со остварување на правото на бесплатен превоз на ученици кои користат инвалидски колички?
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________